# Дневна хемеротека за *16.12.2015г.*

## МИА – *Изаири на 76-та седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на УНЕЦЕ*

СРЕДА, 16 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:16:24

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

**Изаири на 76-та седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на УНЕЦЕ**

Препорачај 0

вторник, 15 декември 2015 13:26




**Скопје, 15 декември 2015 (МИА)** - Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири престојува во Женева, Швајцарија, каде што учествува на дводневната 76-та седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на Економска Комисија на Обединети Нации за Европа (UNECE).

Како што соопшти Министерството за животна средина и просторно планирање, на Конференцијата, високи владини претставници и важни чинители од регионот на УНЕЦЕ, како и набљудувачи од повеќе држави дискутираа за Имплементацијата на женевската Повелба на ОН за одржливо домување, за Стратегијата на Комитетот за одржливо домување и управување со земјиште во регионот на ЕСЕ 2014-2020, како и за Подготовки за Третата конференција на ОН за стопанисување со станбен и одржлив урбан развој - ХАБИТАТ III, која ќе се одржи на 17-21 октомври 2016 година во Кито, Еквадор.скс/са/**13:26**

## Сител - *Изаири на 76-та седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на УНЕЦЕ*

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири престојува во Женева, Швајцарија, каде што учествува на дводневната 76-та седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на Економска Комисија на Обединети Нации за ...

## Макфакс - *Министерот за животна средина на седница на UNECE во Женева*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири во понеделник и вторник престојува во Женева, Швајцарија, каде учествува на 76-тата седница на Комитетот за домување и управување со земјиштето на Економска Комисија на Обединети ..

# MIA - Ministri Izairi në sesionin e 76-të të Komitetit për strehim dhe menaxhim me truallin e UNECE-së

E MËRKURË, 16 DHJETOR 2015, 11:11:36

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MU

Ballina | Ekologji | Izairi në sesionin e 76-të të Komitetit për Strehim dhe Menaxhim me truallin e UNECE-

## Izairi në sesionin e 76-të të Komitetit për Strehim dhe Menaxhim me truallin e UNECE-së

Recommend 0

E martë, 15 Dhjetor 2015 2015-12-15 1:38:45.MD 13:38




**Shkup, 15 dhjetor 2015 (MIA)** - Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, qëndron në Gjenevë të Zvicrës, ku merr pjesë në sesionin e 76-të të Komitetit për Strehim dhe Menaxhim me truallin e Komisionit ekonomik të Kombeve të Bashkuara për Evropën (UNECE).

Siç njoftoi Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifkimit Hapësinor, në konferencë, përfaqësues të lartë qeveritar dhe palë të interesuara nga rajoni i UNECE-së si dhe mbikëqyrës nga shumë shtete, diskutuan për zbatimin e Kartës së Gjenevës të Kombeve të Bashkuara për strehim të qëndrueshëm, për strategjinë e Komitetit për strehim të qëndrueshëm dhe menaxhimin me truallin në rajonin e ECE 2014-2020, si dhe për përgatitjet për Konferencën e tretë të KB-ve për ekonomizim me zhvillim banesor të qëndrueshëm dhe urban HABITAT III, e cila do të mbahet më 17-21 tetor 2016 në Kito, Ekuador. **sn/hr/13:35**

## МИА – [Дебатна средба за резултатите од Самитот за климатски промени во Париз]

СРЕДА, 16 ДЕКЕМВРИ 2015, 10:15:04

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија | Дебатна средба за резултатите од Самитот за климатски промени во Париз

### Дебатна средба за резултатите од Самитот за климатски промени во Париз

Препорачај 0

вторник, 15 декември 2015 16:04



**Скопје, 15 декември 2015 (МИА)** - Оној момент кога на глобално ниво ќе влезе во сила договорот постигнат на Самитот за климатски промени на ОН, што се одржа во Париз, ќе мораме на секои пет години да рапортираме за тоа во квантитативна смисла колку придонесуваме и кои акции ги спроведуваме да придонесеме за намалување на климатските промени односно преку посредни индикатори да докажеме дека навистина се движиме по една патека на ниско јаглероден раст.

Ова денеска го истакна државниот советник за климатски промени во Министерството за животна средина, одговорна за преговорите од Македонија, Теодора Обрадовиќ Грнчаровска, која укажа на неколку значајни точки од договорот.

- Ќе има задолжително петгодишно ревидирање на националните цели за редуцирање на емисиите на стакленички гасови од сите држави во светот. Тоа ќе стане правно обврзувачки

оној момент кога договорот ќе влезе и формално во сила, откако 55 држави од светот ќе го ратификуваат. Тие 55 држави треба да изнесуваат 55 проценти од глобалните емисии на стакленички гасови, посочи Обрадовиќ Грнчаровска.

Во преамбулата на договорот, појасни, стои дека тој претставува придонес кон одржливиот и ниско јаглероден раст на сите држави во светот.

- Тоа значи дека климатските промени се поставуваат на едно повисоко ниво, со еден холистички пристап на сите засегнати сектори. Се дозволува пик на емисиите на концентрациите на стакленичките гасови до одреден период кој потоа мора да се намали што значи полека напуштање на ерата на фосилните горива и засилена примена на обновливите извори на енергија. Во преамбулата на договорот стои дека 100 билиони евра се задолжуваат развиените држави да помагаат на помалку развиените држави за намалување на последиците од климатските промени, додаде Обрадовиќ Грчаровска.

Диминик Готје, заменик француски амбасадор, рече дека за Франција бил вистински предизвик да го организира Самитот за климатски промени на ОН, на кој присуствувале голем број шефови на држави и бројни делегации.

Посочи дека на Самитот бил постигнат договор околу кој се сложиле околу 190 земји, кој има обврзувачки карактер и биле воспоставени механизми за да се постигне основната цел, а тоа е намалување за два степена на глобалното затоплување или можеби за 1,5 степени ако навистина за тоа сведочат резултатите кои беа објавени.

Готје ги поздрави напорите кои ги прави Владата на Република Македонија со самото присуство, но и вклученост во работите и преговорите во текот на конференцијата, со присуството на претседателот Ѓорге Иванов и на министерот за животна средина Нурхан Изаири.

- Сега ни претстои многу работа која беше договорена во текот на конференцијата. Што треба се да се направи ќе и биде попладнево соопштено на неформалниот состанок на целокупната јавност. Се надевам дека државите ќе го исполнат ветеното односно ќе ги спроведат обврските кои ги презедоа на таа конференција, додаде Готје.

Претставникот на Здружението „Go green - Биди зелен", Антонио Јовановски истакна дека граѓанскиот сектор бил критичен во однос на некои ставки во договорот поради тоа што транспортот како да се игнорира, а е дефинитивно голема побарувачка за енергија.

- Тоа може да се преслика и во Македонија, значи во однос на транспортот тоа е нешто што може да се ограничи и да се организира на различен начин. На најранливите семејства треба да им се дадат субвенции додека не дојде моментот на гасификација. Во однос на транспортот и автомобите треба да се ограничи барем централното подрачје каде е најзагадено. Зелените површини се една од работите која може да придонесе на краток рок, а на среден рок мора да се планираат инвестиции за одржлив развој, за ниска јаглеродна економија и за намалување на загадувањето, додаде Јовановски. **pn/ca/16:01**

## Утрински - [Дваесет „борци“ од Македонија против климатските промени во Париз]

Утрински весник

### ДВАЕСЕТ „БОРЦИ“ ОД МАКЕДОНИЈА ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВО ПАРИЗ




**Македонија доби услов да ги исфрли фосилните горива за да добие финансиска поддршка**

**Сања Наумовска**

На самитот за климатски промени во Париз, Македонија ја претставуваше дваесетчлена делегација предводена од претседателот Ѓорге Иванов, која се обврза во име на македонските граѓани дека ќе работи на задачата глобалното затоплување да се задржи под два Целзиусови степени. Тоа значи дека многумина од Македонија ги слушнаа и можностите, но и обврските, а македонската јавност очекува тие да не останат само на хартија, туку да бидат спроведени во практика.

Македонија во Париз, заедно со уште 194 држави презема обврска и да инвестира во зелен развој, кој ќе обезбеди зачувување на планетата Земја за наредните генерации. Но, истовремено доби и можност да стане дел од светскиот тренд на нискокарбонски развој и да искористи дел од финансиските средства кои развиените земји ќе мораат да ги стават на располагање на сиромашните и ранливите земји кои треба да го следат нивниот чекор.

„Македонија по Париз ќе има обврска секои пет години да рапортира што направила со обврските кои ги преземала и да докаже дека се движи по патот на нискојаглеродниот раст. Ние уште пред Самитот го презентиравме Националниот придонес за намалување на климатските промени во кој се предвидува намалување на емисиите на јаглероден диоксид од согорување на фосилни горива за 30 проценти, или за 36 проценти, во поамбициозното сценарио до 2030 година“, вели Теодора Обрадовиќ-Грнчароска, национален координатор за климатски промени.

Таа посочува дека договорот од Париз е единствен во историјата по многу нешта. Тој предвидува задолжително петгодишно ревидирање на националните цели за намалување на емисиите на стакленички гасови, а прашањето на намалувањето на употребата на фосилните горива повеќе не се третира како екологија, туку како прашање на одржлив развој.

„Нискокарбонската економија е пораката која од Париз беше упатена до сите влади, но и до бизнисот, како насока каде треба да се движи светот“, смета Антонио Јовановски, од невладината „Гоу грин“. Македонија, според него, ќе треба да ја подигне политиката на нискокарбонски развој и искористување на алтернативни извори на енергија на ниво на политички приоритет доколку сака да ги оствари преземените обврски и да добие дел од финансискиот колач.

За реализација на националните политики за ублажување на последиците од климатските промени, во следните 15 години, според податоците од домашните институции, Македонија ќе треба да инвестира од 4,2 до 4,5 милијарди евра.

„Емисиите на јаглероден диоксид од секторите енергетика, транспорт и градежништво покриваат околу 80 проценти од емисиите на стакленички гасови. Поради тоа нашите заложби за намалување на влијанијата на климатските промени се насочени токму во тој правец“, посочи министерот за животна средина Нурхан Изаири, пред почетокот на Самитот.

Обезбедување на „зелениот“ раст е можно само доколку државата добие конкретна финансиска помош од Европската унија и развиените земји.
Да се откажат од употребата на фосилните горива, како јаглен, нафта и гас и да се свртат кон алтернативните извори како ветерници, соларни панели, геотермалните води и хидроенергијата во утврдениот временски период чини многу пари. А една од обврските кои богатите држави ги презедоа во Париз, е со фонд од 100 милијарди долари годишно да ги помогнат зелените инвестиции на сиромашните.

## Сител - *[Дебатна средба за резултатите од Самитот за климатски промени во Париз]*

Оној момент кога на глобално ниво ќе влезе во сила договорот постигнат на Самитот за климатски промени на ОН, што се одржа во Париз, ќе мораме на секои пет години да рапортираме за тоа во квантитативна смисла колку придонесуваме и кои акции ги ...

## Lider - *[Дебатна средба за резултатите од Самитот за климатски промени во Париз]*

Оној момент кога на глобално ниво ќе влезе во сила договорот постигнат на Самитот за климатски промени на ОН, што се одржа во Париз, ќе мораме на секои пет години да рапортираме за тоа во квантитативна смисла колку придонесуваме и кои акции ги ..

## МИА – *Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен*

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија | Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен

### Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен

Препорачај 0

среда, 16 декември 2015 07:27



**Охрид, 16 декември 2015 (МИА)** – Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементациската фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен што денеска ќе се одржи во Тирана.

Проектот за Дримскиот басен што се реализира со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) стартува со имплементацијата на петте компоненти и тоа - консолидација на заедничкото знаење во Басенот – со цел заедничка анализа и мониторинг, изградба на основа за заедничко управување - изготвување на Стратешки план за басенот, институционално зајакнување со цел формирање заедничка Дримска комисија,

демонстрација за технологии и практики преку пилот-проекти во басенот, како и инволвирање на јавноста во донесување на одлуките преку подигање на јавната свест.

- Почетокот на имплементација на проектот за Дримскиот басен доаѓа после многу работа и верба во визијата за нашиот регион. Меѓународните институции ја препознаа таа визија и го поддржаа проектот. Ова ќе биде најголем предизвик од сите досегашни процеси на кои сме работеле, но навикнати сме веќе да сме пионери во управувањето со водените ресурси во нашиот регионот, истакна Пановски пред состанокот во Тирана.

Тој додаде дека придобивките од имплементацијата на проектот се еколошка заштита во Басенот, размена на мониторинг-податоци од сите страни, мерки против поплави, заштита на екосистемот преку пилот-проекти, изготвување заеднички план за управување што ќе го подобри управувањето, посебно на Охридското Езеро како основа и промоција на Басенот како туристичка атракција.

Самиот Проект за Дримскиот басен е продолжение на веќе парафираните меѓународни договори и проекти како што се Охридската декларација за Дрим, на процесот „Дримски дијалог" започнат во 2009 година и Меморандумот од 2011 година за заедничка визија од страна на петте држави како рамка на целиот процес.

Во ГЕФ проектот за Дримскиот басен учествуваат Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово и Грција како партнер. Имплементациска агенција ќе биде УНДП, а носители на активностите се министерствата надлежни за животна средина од сите инволвирани држави. Предвидено е во активностите на Проектот да учествуваат голем број на надлежни институции, локални самоуправи, невладин сектор и други субјекти. Проектот е предвидено да трае четири години, за чија реализација преку ГЕФ се обезбедени 5,5 милиони долари кои ќе се имплементираат преку надлежните министерства. аб/хс/**07:26**

## Вечер - Состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈА LIFE КУЛТУРА ЗАБАВНА СПОРТ В

ВО ТИРАНА

### Состанок за Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен

**Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементационата фаза на Проектот за прекугранично управување со Дримскиот басен што утре ќе се одржи во Тирана.**



Проектот за Дримскиот басен што се реализира со финансиска поддршка на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ) стартува со имплементацијата на петте компоненти и тоа - консолидација на зедничкото знаење во Басенот – со цел заедничка анализа и мониторинг, изградба на основа за заедничко управување - изготвување на Стратешки план за басенот, институционално зајакнување со цел формирање заедничка Дримска комисија, демонстрација за технологии и практики преку пилот-проекти во басенот, како и инволвирање на јавноста во донесување на одлуките преку подигање на јавната свест.

- Почетокот на имплементација на проектот за Дримскиот басен доаѓа после многу работа и верба во визијата за нашиот регион. Меѓународните институции ја препознаа таа визија и го поддржаа проектот. Ова ќе биде најголем предизвик од сите досегашни процеси на кои сме работеле, но навикнати сме веќе да сме пионери во управувањето со водените ресурси во нашиот регионот, истакна Пановски во очи на состанокот во Тирана.

Тој додаде дека придобивките од имплементацијата на проектот се еколошка заштита во Басенот, размена на мониторинг-податоци од сите страни, мерки против поплави, заштита на екосистемот преку пилот-проекти, изготвување заеднички план за управување што ќе го подобри управувањето, посебно на Охридското Езеро како основа и промоција на Басенот како туристичка атракција.

Самиот Проект за Дримскиот басен е продолжение на веќе парафираните меѓународни договори и проекти како што се Охридската декларација за Дрим, на процесот „Дримски дијалог" започнат во 2009 година и Меморандумот од 2011 година за заедничка визија од страна на петте држави како рамка на целиот процес.

Во ГЕФ проектот за Дримскиот басен учествуваат Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово и Грција како партнер. Имплементациона агенција ќе биде УНДП, а носители на активностите се Министерствата надлежни за животна средина од сите инволвирани држави. Предвидено е во активностите на Проектот да учествуваат голем број на надлежни институции, локални самоуправи, невладин сектор и други субјекти. Проектот е предвидено да трае четири години, за чија реализација преку ГЕФ се обезбедени 5,5 милиони долари кои ќе се имплементираат преку надлежните министерства.

## Lider - Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен

Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементациската фаза на Проектот за прекугранично .

## Сител - *Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен*

Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементациската фаза на Проектот за прекугранично ...

## *Курир - Состанок за прекугранично управување со Дримскиот басен*

Заменик-министерот за животна средина и просторно планирање Стево Темелковски и Дејан Пановски од Билатералниот секретаријат за заштита на Охридското Езеро ќе учествуваат на почетниот состанок од имплементациската фаза на Проектот за прекугранично .

## Нова ТВ – *Протест пред општинската зграда во Тетово: Се бараат итни мерки за загадувањето*

www.novatv.mk

### Протест пред општинската зграда во Тетово: Се бараат итни мерки за загадувањето

од НОВА | објавено на: 16-12-2015 10:15:55

SHARE G+1 0 Tweet




*фото: фејсбук*

Група професори, средношколци и основци од повеќе тетовски училишта утрово нешто повеќе од еден час протестираа пред објектот на општината, барајќи итни мерки за загадување.

Вчера, дел до родителите поради екстремно загадениот воздух не ги пуштиле свои деца на училиште, а најавуваат дека и понатаму ќе ја бојкотираат наставата. Активисти од невладината организација „Лоја" пак, на граѓаните вчера симболично им нуделе тегли со чист воздух.

Досега од општината единствена мерка е забрана за товарните возила низ централното градско подрачје, а булеварите се прскаат со калциум ацетат.

Сепак и покрај овие мерки, загаденоста во Тетово е константно висока, што потврдуваат и податоците објавени на веб-страната на министерството за животна средина, каде и утринава загадувањето е на високо ниво.




Алармантно беше и присуството на ПМ10 честичките во изминатиов период, чии концентрации во воздухот беа20 пати над дозволеното.




Според листата на Нумбео, Тетово е најзагаден град во Европа, додека Скопје е на четврто место. Засега надлежните немаат долгорочен план како да се справат со загадувањето.

Во однос на загадувањето во Тетово, вицепремиерот Владимир Пешевски пред неколку дена изјави дека загадувач во Тетово не е комбинатот Југохром, туку причината е што луѓето се греат на дрва, но сепак надлежнте немаат конретна студија со која би се утврдило кои се загадувачите во Македонија.

Активистите од повеќе невладини организации досега континуирано бараат „потрагата по виновникот" да запре, а владините политики да се насочат кон подобрувањето на квалитетот на живот.

Од ресорното министерство во неколку наврати досега појаснуваа дека граѓаните не треба да ги вознемируваат моменталните податоци, бидејќи во текот на денот бројката варира. Според нив, повеќе од 5 дена досега немало во континуитет пречекорување на нормите, за да се преземат итни чекори.

**Almakos - [Ndotja e ajrit në Tetovë alarmante. Paralajmërohen protesta të përshkallëzuara]**

almakos

# Ndotja e ajrit në Tetovë alarmante. Paralajmërohen protesta të përshkallëzuara

2015/12/15 19:40

Shpërndaje në Facebook | Cicëroje në Twitter



Ndotja e ajrit mbrëmë në Tetovë kishte kaluar çdo kufi. Tymi kishte mbuluar qytetin e Tetovës dhe zonat përreth, aq sa në pak metra nuk mund të dalloje këmbësorët. Në bazë të reagimeve nëpër rrjetet sociale, tymi ndjehej brenda shtëpive të tyre, ndihej erë e rëndë madje, me gjasë kishte ankesa edhe për irritim të fytit.

Pati dhe thirrje për ndalesën e fëmijëve nga shkolla. Organizatat civile "Eco guerilla" dhe " Nëna dhe fëmija" thonë se reagimet janë të shumta nëpër rrjetet sociale, por jo edhe

paraqitja e tyre fizike në protesta kundër helimimit nga thërrmiat kancerogjene.

"Ajo që duhet të kuptojmë është se nuk mjaftojnë rrjetet sociale ,prandaj me një të klikuar në facebook se do jeni pjesëmarrës në protestë nuk zgjidhet problemi, askush nuk i numëron pjesëmarrësit virtual, por njerëzit në rrugë", tha Arianit Xhaferi nga "Eco guerilla".

"Deri më tani nuk është se ka munguar përkrahja e qytetarëve, por kur kemi dalë në terren ,prezenca e tyre nuk ka qenë aq masive ,sa është i rëndësishëm problemi i ndotjes", tha Nerta Kasa nga organizata "Nëna dhe Fëmija".

Nga iniciativa " Nëna dhe Fëmija" apelojnë tek të gjitha nënat, tek të gjithë qytetarët ,që masave të ndërmarra për mbrojtjen e shëndetit dhe kërkesat për të drejtat që njeriut i garantohen me kushtetutë dhe konventa ndërkombëtare, të mos u jepen ngjyra partiake, nacionale, apo fetare, por t' i jepen ngjyra njerëzore.

"Apeloj tek të gjithë ,mos i jepni asnjëfarë ngjyre kësaj iniciative që ne kemi marrë. Është koha të bëhemi bashkë", tha Elmedina Abdullai nga organizata "Nëna dhe Fëmija".

"Eco guerilla" dhe nisma "Nëna dhe fëmija" kërcënojnë me protesta të reja nëse problemi nuk zgjidhet së shpejti. Organizatat poashtu paralajmërojnë bllokim e rrugëve dhe bojkotimin e mësimit.

## ART - Tetovë: pakënaqësinë pritje për ndotjen

# TETOVË: PAKËNAQËSI NË RRITJE PËR NDOTJEN

Nga **tvart** - 15 Dhjetor, 2015 142 0

Shpërndaj Facebook Twitter Like 16 Tweet




**Nxënësit e shkollave të mesme të Tetovës kanë protestuar kundër ajrit të ndotur që shënon numër rekord të grimcave PM10. Duke marshuar nëpër rrugët e qytetit ata kanë protestuar para Komunës së Tetovës, duke bllokuar rrugën në këtë Komunë dhe më pas kanë gjuajtur me vezë zyrate Komunës.**

Në mungesë të Kryetarës Arifi, Hisen Xhemaili kryetar i Këshillit ka pranuar një delegacion të nxënseve të shkollave të mesme dhe ka deklaruar se komuna e Tetovës do të bëjë gjithçka në suaza të kompetencave për zgjidhjen e këtij problemi.

Ndërkohë, nga Lëvizja "Eco Guerilla" dhe lëvizja "Nëna dhe Fëmija" thonë iu përgjigjen iniciativës të prindërve për të mos lejuar fëmijët të shkojnë nëpër shkolla përderisa ndotja është në nivel kaq të madh. Nga këto lëvizje paralajmërojnë protesta masive.

Nga Lëvizja "Nëna dhe Fëmija" thonë se do të vazhdojnë me bojkotin që fëmijët e tyre nuk do t'i dërgojnë nëpër shkolla.Nga ana tjetër mjekët japin mesazhe senzibilizuese për të mbrojtur mjedisin jetësor.

Qytetarët e Tetovës pohojnë se nuk është vetëm ngrohja me dru shkaktari për ndotjen e ajrit, duke drejtuar gishtin tek inctitucionet. Ndryshe siç kemi paralajmëruar çështja e Jugohromit pritet të zgjidhet në nivel të lartë qeveritarë./Xh. I./

## Вечер - *Се бара решение за смогот!*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМ

СОБРАНИЕТО РАСПРАВА ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОЗДУХОТ

# Се бара решение за смогот!

15 декември 2015 - 15:52

Like Share 2

**Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница, втор ден расправа по информацијата за загадувањето на амбиентниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од опозицијата.**



Миле Андовнов од СДСМ рече дека оваа иницијатива не ја поднепе за да добијат дневнополитички поени или за да им се додворуваат на граѓаните пред најавените парламентарни избори.

> - Туку едноставно со ова нема играње, со здравјето на нашите деца, на самите нас и на генерациите што доаѓаат по нас ќе треба уште денес да се ангажираме, да ги проанализираме заклучоците кои ќе произлезат од оваа дебата и од оваа информација, рече Андонов.

Тој информира дека ридовите на Кочани се уште не се пошумени и нагласи оти мерната станица во Кочани покажува четири пати поголема концентрација на ПМ 10 честичките во воздухот во овој град.

Реплицирајќи Андон Чибишев од ВМРО-ДПМНЕ нагласи дека не се изнесени релевантни податоци зошто Кочани е загадено и покрај тоа што, како што рече, нема големи индустриски објекти кои би загадувале, а возниот парк е обновен.

- Се согласувам дека проблемот со загадувањето на амбиенталниот воздухот е многу сериозен. Ние, како Собрание треба сериозно да го опсервираме овој проблем и сите да се заложиме без политика да изнајдеме одредени решенија, да предложиме излезни мерки со кои би се подобрил и квалитетот на воздухот, а со тоа ќе се намали и бројот на заболувањата кои ќе ги предизвикува загадениот воздух, рече Чибишев. Според него, изнесувањето паушални информации од собраниска говорница не е сериозно.

За податокот дека се зголемува бројот на респираторни и на малигни заболувања, Чибишев рече дека за тоа не е причина само загадувањето на воздухот. - Има многу причини, а зголемувањето на овие заболувања почнува во 80-тите години, рече тој.

Зоран Илиоски од ВМРО-ДПМНЕ потсети на се она што презела Владата досега за да ја подобри загаденоста на воздухот.

> - Оваа Влада донесе Закон за гасификација на Република Македонија, со задолжување и работи на инсталирање на топлификација во оние градови каде има можност. Владата работи интензивно на алтернативни извори на производство на енергија, како што се хидроцентрали, минихидроцентрали, ветерници, како ветерниот парк во Богданци, рече Илиоски.

Тој потенцира дека се работи на оформување на регионални депонии, каде современо ќе се третира отпадот, се интервенира со увоз на посовремени возила, а со акцијата за пошумување иминатите години се засадени повеќе од 30 милиони садници. Набавени се нови автобуси во Скопје, гасификација на Клиничкиот центар во Скопје, модернизација на РЕК Битола, а во тек е изработка на физибилити студија за понатамошно намалување на загадувањето од РЕК Битола.

> - Ние не велиме дека во Република Македонија од доменот на екологијата се е решено. Не би се согласиле дека не се прават напори за да се подобри состојбата и цврсто ќе се спротивставуваме на тезите кои опозицијата се обидува, преку оваа тема да пласира во јавноста дека Владата и ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата се виновни за загадувањето, рече Илиоски. Потенцира дека оваа власт троши пари во сите области на општественото живеење во Македонија.

Опозицијата обвини дека загадувањето на воздухот е последица на низа погрешни политики на власта на централно и локално ниво. Според нив, заштитата на животната средина е на последно место на Владата и оти тоа е прецизно нотирано во Извештајот на ЕК.

Пратениците ќе ја продолжат расправата за аерозагадувањето по редовната попладневна пауза.

## Сител - [Собранието расправа за загадувањето на воздухот]

Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница, втор ден расправа по информацијата за загадувањето на амбиентниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од опозицијата.

## Press24 - [Собранието расправа за загадувањето на воздухот]

Пратениците втор ден расправаат за загадувањето на воздухот во Македонија Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница втор ден расправа за загадувањето на амбиенталниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од ...

## Телеграф - [Собраниска расправа за загадувањето на воздухот]

Пратениците втор ден расправаат за загадувањето на воздухот во Македонија Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница втор ден расправа за загадувањето на амбиенталниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од ...

## Lider - [Собранието расправа за загадувањето на воздухот]

Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница, втор ден расправа по информацијата за загадувањето на амбиентниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од опозицијата.

## Нетпрес - [Собранието расправа за загадувањето на воздухот]

Собранието на Република Македонија во рамки на 74. седница, втор ден расправа по информацијата за загадување на амбиентниот воздух во Република Македонија поднесен од пратениците од опозицијата

## Тера - [НАСА објави колку е загаден воздухот во светот…Еве каде е Македонија по загаденост!]

# НАСА објави колку е загаден воздухот во светот…Еве каде е Македонија по загаденост!

Вести Актуел Dec 16, 2015 0 11




Шокантни слики од смог над Индија и Кина, откриваат колку лошо станало загадувањето на воздухот во овие региони.

Сликите се поддржани од страна на сателитски податоци кои откриваат како Кина, Индија и Блискиот Исток, сите се со зголемено загадување како резултат на проширување на своите индустрии.

Сега НАСА ги состави овие податоци во серија на мапи, кои го откриваат позитивното влијание на регулативата за контрола на емисии во САД, Европа и Јапонија.

Според овие мапи, најголем пораст на загаденоста има во Кина, Индија и на Блискиот исток, додека на територијата на САД, Европа и Јапонија, забележано е намалена емисија на токсични гасови.

-Овие промени во воздухот не се случајни. Кога владата објаснила дека ќе направи чекор напред и ќе направи нешто по повод намалувањето на загадениот воздух, тоа е и направено-рекол научникот Брајан Данкан.

Имено, според истражувачите, азот-диоксид би можел набрзо да се претвори во приземен озон, кој е главен загадувач во забрзаните средини, во широката јавност познат како смог.

На пример, САД и Европа се најголеми емитери на азот диоксид, но на овие два континенти се покажале значајни намалувања во период од 2005 до 2014 година.

Според оваа мапа со црвената и портокаловата боја покажуваат загрозени и нивоа опасни за здравејто на населението.

Зелената боја претставува ниво кое не е ризик за здравјето на луѓето.

Според мапата нашата земја се наоѓа во жолта зона која означува умерена зона .

Квалитетот на воздухот според мапата за Македонија е лесно прифатлив за луѓето, за некои загадувачи здравствената грижа е опишана како мала за луѓето кои се обично чуствителни на загаден воздух

Во Европа во многу градови се преземат чекори за да се подобри квалитетот на воздухот, но има денови во кои нивоата на PM2.5 честички може да се зголемат до нивоа кои се уште претставуваат ризик за луѓето кои се чувствителни на загаден воздух .

**Факултети - Се продава чист, свеж, планински воздух**

Fakulteti.mk
сподели знаење, сподели информација

# СЕ ПРОДАВА ЧИСТ, СВЕЖ, ПЛАНИНСКИ ВОЗДУХ

**За луѓето во Кина, кадешто загадувањето на воздухот е едно од најлошите во светот, една од неопходните компоненти за живот, кислородот, стана луксуз кој треба да се плати.**



Со зголемувањето на нивото на загадувањето, на луѓето сега им се наплаќа доколку сакаат да дишат чист воздух. Не само што во ресторанте се наплаќа данок за „чист воздух", туку сега се продава и „флаширан воздух".

Кинеските медиуми информираат дека оние кои јадат во ресторани во Зангијаганг, провинција во Јиангсу, требало да платат еден јуан за да ги покријат трошоците за „прочистувањето" на воздухот што го дишеле.

Иако наплаќањето предизвика некои легални прашања, па клиентите се доста изнервирани за нешто што е неопходно да се прави и за кое немаат избор. Сепак, некои тврдат дека повеќе претпочитаат да платат за чистиот воздух додека јадат, отколку да дишат загаден воздух.

## Идивиди - Американците не знаат речиси ништо за климатските промени

### Американците не знаат речиси ништо за климатските промени

G+1 0 Tweet Ми се допаѓа Сподели 0

На конференцијата во Париз овој месец беше донесена историската спогодба за климата, но пребарувачот Google објави податок во кој се вели дека Американците се'уште не знаат ништо ниту за самиот проблем со кој се соочува планетава.



Според подоатоците кои ги објави Google, жителите на САД не знаат за што станува збор кога се во прашање климатските проблеми. Најбараните прашања на овој пребарувач биле следните:

1. Што се климатските промени?

2. Дали се реални климатските промени?

3. Што ги предизвикува климатските промени?

4. Што е глобално затоплување?

5. Дали промените во климата се важни?

Корисниците на Google од САД не знаат за оваа тема, или не знаат речиси ништо за климатските промени, или не веруваат дека се реални или не сфаќаат зошто би требало да се грижат за овој проблем. Тие според Google не биле ниту најмалку заинтересирани за сатама конференција во Париз, а државите кои искажале најголем интерес според пребарувањето се Того, Камерун и Буркина Фасо.